Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше ВД Претседателот на судот д-р Џемали Саити, одржана на 29.04.2025 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од Драган Коровешовски, Костадин Шурбановски, Оливера Мишева Шурбановска и Јане Коровешовски, адвокати од Адвокатска канцеларија „Коровешовски" од Охрид, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од Драган Коровешовски, Костадин Шурбановски, Оливера Мишева Шурбановска и Јане Коровешовски, адвокати од Адвокатска канцеларија „Коровешовски" од Охрид, заведена под Су03.бр.94/25 од 05.02.2025 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 29.04.2025 година, расправаше по иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од Драган Коровешовски, Костадин Шурбановски, Оливера Мишева Шурбановска и Јане Коровешовски, адвокати од Адвокатска канцеларија „Коровешовски" од Охрид, заведена под Су03.бр.94/25 од 05.02.2025 година.

Подносителите во иницијативата наведуваат дека Врховниот суд на Република Северна Македонија во донесената пресуда РЕВ2.бр.470/21 од 08.11.2022 година, определил секоја странка да ги сноси своите трошоци на постапката со примена на член 160 став 2 од Законот за парничната постапка и ја посочуваат содржината на одредбата од наведениот член 160 став 2 од Законот за парничната постапка, согласно која кога судот ќе ја преиначи одлуката против која е поднесен правен лек, или ќе ја укине таа одлука и ќе ја отфрли тужбата, ќе одлучи за трошоците на целата постапка. Согласно наведената одредба, подносителите сметаат дека Врховниот суд на РСМ одлучил за трошоците на целата постапка и дека во предметите каде е постапувано по приговор на прво тужениот Градинар – Друштво за земјоделско производство, преработка и промет увоз-извоз Охрид АД во својство на должник за незаконитости при извршување сторени со изготвување на налог за извршување, каде приговорот на должникот, односно неговата жалба се одбиени како неосновани, првостепениот и второстепениот суд погрешно толкуваат дека тоа биле само трошоци во врска со изјавената ревизија, со кое нешто не се согласуваат подносителите, затоа што тоа не било така назначено од највисокиот суд на државата.

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Закон за судовите, Врховниот суд на РСМ утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Од поднесената иницијатива произлегува дека се бара толкување од Врховниот суд на РСМ на донесена пресуда РЕВ2.бр.470/21 од 08.11.2022 година, по однос на наведеното во неа „секоја странка да ги сноси своите трошоци на постапката“, односно Врховниот суд на РСМ да донесе начелен правен став дали со тоа сметал дека секоја странка треба да ги сноси своите трошоци на целокупната постапка пред судовите или сметал само на трошоците по повод изјавената ревизија.

Со оглед дека кон иницијативата не се приложени судски пресуди од кои произлегува невоедначена примена од страна на судовите на одредбата од член 160 став 2 од Законот за парничната постапка, туку се бара Врховниот суд на РСМ да даде толкување на донесено решение за трошоци по повод донесена пресуда со која е делумно усвоена ревизија на прво тужениот, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија оцени дека не се исполнети условите од член 37 став 1 алинеја 1 од Закон за судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелен став и начелно правно мислење.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**